## „МЕМОРИСКА ДУПКА" ВО МСУ

# Музејот стана слободна територија

Перформансите „Второ од лево" на Сања Нешковиќ Першин од Словенија, „Абортус" на Балинт Шомбати од Унгарија и „Трансверсаллах" на „Колони волвокс" од Македонија ќе бидат изведени вечерва, со почеток во 20 часот, во Музејот на современата уметност во рамките на мултимедијалниот проект „Мемориска дупка".

Со вечерашните перформанси завршува нивната тридневна изведба, а изложбата на петнаесетина уметници од Средна Европа, како втор сегмент на големиот проект „Мемориска дупка", ќе биде отворена во Музејот до крајот на месецов. Во изложбата се вклучени и делата на македонските сликари Атанас Ботев, Вана Урошевиќ и Игор Тошевски.

Проектот „Мемориска дупка" беше отворен завчеравечер со перформансот „5 кила семки" на Александар Станковски. Продавајќи им на посетителите печени семки од тиква, завиени во фишеци од Европскиот устав и од рамковниот договор, Станковски го образложи идеолошкиот концепт на перформансот, чија цел е да се укине општествениот договор за правата и слободите на граѓаните, базиран на компромиси, на територијата на Музејот на современата уметност, и таа територија да се прогласи за храм на слободата во когнитивен смисла, кај што се премостува секаква хиерархиска конструкција што подразбира субординација, авторитарност и репресија.

Вака конципиран, вели Станковски, Музејот како институција гради нетолерантност кон законската регулатива и култ кон инвентивноста, која решенијата ги бара во креација и игра, за разлика од законот, кој е репетитивен и инертно се аплицира на секоја апроксимативна ситуација.

Посетителите беа охрабрени да ги изедат семките, а отпадоците да ги фрлаат по подот на Музејот. На тој начин, како што рече авторот, се создава конфигурацијата на ова визуелно дело, кое критички ја гледа Македонија како депонија на реално и идеолошко ѓубре. ❑



„Пикасо за Никарагва"



**Игор Тошевски на ѕидот во Музејот ја наслика „Главата на жена" од Пикасо, најрепрезентативниот експонат од музејската збирка, со неговите печати со потписот „Игор Тошевски, трговец-поединец". Немаше потреба од потпишување на делото**